# ЗАКОН ЗА ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА НА ГРАЃАНИ СО НИЗОК ДОХОД, КОРИСНИЦИ НА ПЕНЗИЈА, КОРИСНИЦИ НА ПРАВО НА СОЦИЈАЛНА СИГУРНОСТ НА СТАРИ ЛИЦА, МЛАДИ ЛИЦА, САМОХРАНИ РОДИТЕЛИ, ДЕЦА БЕЗ РОДИТЕЛИ И РОДИТЕЛСКА ГРИЖА, УМЕТНИЦИ И ДРУГИ ЛИЦА КОИ ВРШАТ ДЕЈНОСТ ВО КУЛТУРАТА, ФИЛМСКИ РАБОТНИЦИ И ЕСТРАДНИ УМЕТНИЦИ

**(„Службен весник на Република Северна Македонија'' број 290 /20, 92/21)**

Член 1

(1) Со овој закон се уредуваат условите и постапката за добивање на финансиска поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица на возраст од 16 до 29 години, самохран родител, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници наменета за купување на македонски производи и услуги.

(2) Финансиската поддршка на граѓани со низок доход, корисници на пензија, корисници на право на социјална сигурност на стари лица, млади лица на возраст од 16 до 29 години, самохрани родители, деца без родители и родителска грижа, уметници и други лица кои вршат дејност во културата, филмски работници и естрадни уметници, заради поттикнување на приватната потрошувачка и купувањето македонски производи и услуги во услови на намалена економска активност условена од здравствено-економската криза предизвикана од корона-вирусот COVID-19 се врши од Буџетот на
Република Северна Македонија преку Владината програма П1-Мерки за справување со COVID 19 кризата.

**Член 2**

Одделни изрази употребени во овој закон го имаат следново значење:
1) „Граѓани со низок доход" се државјани на Република Северна Македонија кои се евидентирани како други лица кои бараат работа (пасивен барател на работа) во Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија, заклучно со 27 септември 2020 година, кои за периодот јануари-август 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од 120.000 денари согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: „граѓани-корисници на финансиска поддршка");
2) „Корисници на пензија" се државјани на Република Северна Македонија, евидентирани во Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија, заклучно со 27 септември 2020 година, кои за периодот јануари-август 2020 година оствариле доход по основ на пензија не поголем од 120.000 денари, односно месечен износ на доход по основ на пензија не поголем од 15.000 денари, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: „пензионери-корисници на финансика поддршка");

3) „Корисници на право на социјална сигурност на стари лица" се лица со навршена 65 годишна возраст, кои согласно со Законот за социјална сигурност на старите лица („Службен весник на Република Северна Македонија" број 104/19), користат право на социјална сигурност и се евидентирани во центрите за социјална работа;

4) „Млади лица" се државјани на Република Северна Македонија со наполнети 16 години и не постари од 29 години на 27 септември 2020 година, кои се активни учесници во формалното средно

образование (средни училишта основани од Република Северна Македонија, локалната самоуправа и градот Скопје) и високото образование на Република Северна Македонија (редовни студенти на универзитети основани од Република Северна Македонија), а не биле опфатени, односно биле испуштени во претходниот пакет на економски мерки, согласно со евиденцијата на Министерството за образование и наука (во натамошниот текст: „млади лица-корисници на финансиска поддршка“);
5) „Самохран родител е родител кој сам ги врши родителските права и должности за детето, поради тоа што другиот родител е непознат, починат, исчезнат или од оправдани причини привремено или трајно не ги извршува родителските права и должности евидентирани во Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука, родител на дете за кое остварува право на детски додаток и/или право на додаток за образование заклучно со 27.09.2020 година (во натамошниот текст:
„самохрани родители-корисници на финансиска поддршка“). Самохран родител поднесува барање со потребна документација (извод од матична книга на родени, извод од матична книга на умрени, потврда за исчезнат родител и потврда за привремена спреченост поради лекување, издржување на казна затвор и сл.) во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон до надлежниот центар за социјална работа, кој по утврдување на статусот на самохран родител изготвува листа на самохрани родители;

6) „Дете без родители и родителска грижа“ е дете чии родители не се живи, кои се исчезнати, непознати или се со непознато живеалиште повеќе од една година и дете чии родители без оглед на причините привремено или трајно не ги извршуваат своите родителски права или должности ставени под старателство од надлежен центар за социјална работа (во натамошниот текст: „деца-корисници на финансиска поддршка“);

7) „Уметници и други лица кои вршат дејност во културата“ се државјани на Република Северна Македонија кои самостојно вршат дејности или друг вид активности во областа на културата, или преку авторски или друг вид на договор, заклучно со 27 септември 2020 година, се ангажирани во правно лице кое е регистрирано за вршење на дејност од областа на културата и кои за периодот јануари-август 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од 120.000 денари, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: „уметници-корисници на финансиска поддршка“);

8) „Филмски работници“ се државјани на Република Северна Македонија кои учествуваат во производство на филм и кои последните пет години работеле на минимум три филма поддржани од Агенцијата за филм на Република Северна Македонија, кои периодот јануари-август 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од 120.000 денари, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: „филмски работници-корисници на финансиска поддршка“);
9) „Естрадни уметници“ се лица кои учествуваат во создавање и интерпретација на изворна или современа и новокомпонирана музика и се членови на Здружението на естрадни уметници на Македонија, кои за периодот јануари-август 2020 година оствариле доход во нето износ не поголем од
120.000 денари, согласно со евиденцијата на Управата за јавни приходи (во натамошниот текст: „естрадни уметници-корисници на финансиска поддршка“);
10) „Македонски производи“ се производи и стоки за финална потрошувачка произведени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија, освен алкохолни пијалаци, тутун и преработки на тутун и
11) „Македонски услуги“ се услуги направени од правни и физички лица вршители на стопанска дејност, резиденти на Република Северна Македонија.

**Член 3**

(1) Листа на граѓани со низок доход-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 1) од овој закон изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За

целите на изготвување на Листа на граѓани со низок доход-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 1) од овој закон, податоци до Управата за јавни приходи доставува Агенцијата за вработување на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(2) Листа на корисници на пензија од членот 2 точка 2) од овој закон изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За целите на изготвување на Листа на корисници на старосна пензија од членот

2 точка 2) од овој закон, податоци до Управата за јавни приходи доставува Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(3) Листата на корисници на право на социјална сигурност на стари лица од членот 2 точка 3) од овој закон ја изготвува Министерството за труд и социјална политика и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(4) Листа на млади лица-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 4) од овој закон изготвува Министерството за образование и наука и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. Министерството за образование и наука доставува податоци од електронскиот систем за административна работа на училиштата и резидентните државни универзитети.
5) Листа на самохрани родители-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 5) од овој закон изготвува Министерството за труд и социјална политика и Министерството за образование и наука и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За целите на изготвување на Листа на самохрани родители-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 5) од овој закон, податоци до Министерството за труд и социјална политика доставуваат Фондот на пензиското и инвалидското осигурување на Република Северна Македонија и Управата за водење на матичните книги во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(6) Листа на деца без родители и родителска грижа - корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 6) од овој закон изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За целите на изготвување на Листа на деца без родители и родителска грижа - корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 6) од овој закон, податоци до Управата за јавни приходи доставува Министерството за труд и социјална политика во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(7) Листа на уметници и други лица кои вршат дејност во културата - корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 7) од овој закон изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За целите на изготвување на Листа на уметници и други лица кои вршат дејност во културата- корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 7) од овој закон, податоци до Управата за јавни приходи доставува Министерството за култура во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За изготвување на Листата, Министерството за култура на својата веб страница во рок од еден ден од денот на влегувањето во сила на овој закон, објавува јавен повик кој трае три дена од денот на објавувањето.

(8) Листа на филмски работници-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 8) од овој закон изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За целите на изготвување на Листа на филмски работници-корисници на финансиска поддршка од

членот 2 точка 8) од овој закон, податоци до Управата за јавни приходи доставува Министерството за култура, во соработка со Агенцијата за филм на Република Северна Македонија во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.
(9) Листа на естрадни уметници-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 9) од овој закон изготвува Управата за јавни приходи и ја доставува до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. За целите на изготвување на Листа на естрадни уметници-корисници на финансиска поддршка од членот 2 точка 9) од овој закон, податоци до Управата за јавни приходи доставува Комисијата за финансиска поддршка на естрадни уметници формирана од Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија во соработка со Здружението на естрадни уметници, по претходно утврдени критериуми од страна на Генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија и Здружението на естрадни уметници, во рок од два дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(10) Листите на корисници на финансиска поддршка од ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) на овој член ги содржат следниве податоци: име и презиме, ЕМБГ, адреса на живеење и износ на финансиска поддршка, како и податоци за трансакциска сметка, е-маил адреса, телефонски број за контакт, општина, регистарски број на лична карта, надлежен орган кој ја издал и датум на важење на личната карта, односно статус на друго лице кое бара работа/ученик/студент/прима пензија за лицата за кои органот располага со овие податоци. Податоците од Листите на корисници на финансиска поддршка се енкриптирани, согласно со прописите за заштита на личните податоци.

(11)Собирањето, обработката и чувањето на личните податоци содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка, согласно со овој закон се врши согласно со прописите за заштита на личните податоци, при што листите од ставот (10) на овој член се доставуваат и преземаат во криптирана форма.
(12) Во однос на заштитата, чувањето, обработката и користењето на криптираните податоци содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со овој закон се применуваат прописите од областа на канцелариското и архивското работење и други прописи кои се однесуваат на работењето на субјектите и институциите опфатени со овој закон, при што во однос на заштитата при обработката и чувањето на личните податоци се применуваат и прописите за заштита на личните податоци.

(13) За веродостојноста на податоците содржани во Листите на корисници на финансиска поддршка согласно со овој закон, одговорни се институциите кои ги доставиле истите врз основа на ставовите (1),
(2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) на овој член.

**Член 4**

(1) Финансиската поддршка од членот 1 став (2) од овој закон се распределува преку банка во која физичкото лице има постоечка трансакциска сметка и која во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон потпишала договор со Владата на Република Северна Македонија.
(2) По добивање на податоците од Листата на корисници на финансиска поддршка согласно со членот 3 став (10) од овој закон, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе изврши распределба на лицата корисници на финансиска поддршка по банки од ставот (1) на овој член заради исплаќање на финансиската поддршка.

(3) Корисниците на финансиска поддршка кои имаат трансакциска сметка само кај една банка од ставот (1) на овој член ќе бидат распределени за добивање на финансиската поддршка во банката во која имаат трансакциска сметка.

(4) Корисниците на финансиска поддршка кои имаат трансакциска сметка кај две или повеќе банки од ставот (1) на овој член или имаат сметка кај банка која не потпишала договор согласно со ставот (1) на овој член, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ги распределува кај една од банките од ставот (1) на овој член според принципот на фер рамномерна распределба, давајќи предност на распоредување на лица со трансакциските сметки на кои примаат пензија или користат

право на социјална сигурност во банка од ставот (1) на овој член.
(5) Корисниците на финансиска поддршка кои немаат отворено трансакциска сметка кај ниту една банка од ставот (1) на овој член, се распределуваат кај една од банките според принципот на фер рамномерна распределба, а во согласност со расположливите капацитети на секоја од банките од ставот (1) на овој член.

(6) Конечната листа на корисници на финансиска поддршка со податок за име и презиме на корисникот и банката во која ја поседува трансакциската сметка, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ја објавува на www.kupuvamdomasno.gov.mk, во рок од осум дена од денот на влегувањето во сила на овој закон, а за самохраните родители на кои статусот го утврдува центарот за социјална работа, во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон. Корисник на финансиска поддршка од членот 2 точките 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8) и 9) од овој закон има право да ја одбие финансиската поддршка во рок од два дена од денот на објавувањето на Конечната листа од овој став.

Одбивањето на финансиската поддршка се врши преку веб-страницата www.kupuvamdomasno.gov.mk, во спротивно се смета дека финансиската поддршка уредена со овој закон се прифаќа.
(7) По извршена проверка и распределба на корисници на финансиска поддршка од ставовите (3), (4) и
(5) на овој член, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до банките во кои поседуваат трансакциска сметка од ставот (1) на овој член во рок од десет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон доставува конечна Листа на корисници на финансиска поддршка која ги содржи лицата корисници на финансиска поддршка на кои банката од ставот (1) на овој член ќе им ја исплати финансиската поддршка, а за самохраните родители на кои статусот го утврдува центарот за социјална работа и за лицата чии приговори се одобрени Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија доставува конечна листа на корисници на финансиска поддршка во рок од 20 дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

(8) Банката склучува договор за отворање трансакциска сметка/договор за користење на дебитна платежна картичка на корисник на финансиска поддршка во согласност со закон и општите акти на банката издавач. Согласно со овој закон за уредно ќе се смета и склучувањето договор за отворање трансакциска сметка/договор за користење на дебитна платежна картичка преку објавување на формуларен (типски) договор на веб-страницата на Банката или во простории на Банката и приемот на изјава во е-форма од корисникот на финансиска поддршка дека е запознаен и ги прифаќа условите од објавените договори.

(9) Сите мерки и дејствија на анализа, идентификување, потврдување на идентитет, редовна проверка
и ажурирање на клиенти - корисници на финансиска поддршка во согласност со прописите што го уредуваат спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам од страна на банката при склучување на договорите од ставот (8) на овој член, ќе се преземаат врз основа на податоците добиени согласно со ставот (7) на овој член и со задржување на копија од важечки документ за идентификација издаден од надлежен орган во хартиена и/или електронска форма. Банката може да побара од корисникот на финансиската поддршка електронски да достави други документи потребни за регистрација/ажурирање на клиентите согласно со позитивните законски прописи. Прибирањето на податоци на овој начин и нивниот пренос банките ќе го вршат во криптирана форма што ќе се смета дека е во согласност со важечките законски прописи што го регулираат спречувањето на перење пари

и финансирање на тероризам и прописите за заштита на личните податоци.
(10) Доколку корисникот на финансиска поддршка се смета за клиент - носител на јавна функција според важечките прописи што го регулираат спречувањето на перење пари и финансирање на тероризам, истиот е должен при склучување на договор од ставот (8) на овој член да ја извести банката за таквата околност. Во спротивно, ќе се смета дека корисникот на финансиска поддршка не е носител на јавна функција.

(11)Корисник на финансиска поддршка од членот 2 точките 1), 2), 3), 4), 5), 6), 7), 8) и 9) од овој закон, со внесување на својот ЕМБГ на веб-страницата www.kupuvamdomasno.gov.mk, проверува преку која банка ќе му биде распределена финансиската поддршка и висината на финансиската поддршка.
(12) Во рок од пет дена од денот на извршената достава на Конечната листа на корисници на финансиска поддршка од ставот (7) на овој член, Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија врши исплата на средствата за финансиска поддршка на банките од ставот (1) на овој член во висина утврдена за секоја банка одделно.

(13) Банката од ставот (1) на овој член, финансиската поддршка ја распределува на трансакциската сметка на корисниците на финансиска поддршка од Конечната листа на корисници на финансиска поддршка од ставот (7) на овој член во најкус можен рок, а најдоцна во рок од три дена од денот на извршената исплата на средствата од Генерален секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, за постоечки клиенти на банката, доколку имаат извршено редовно ажурирање на податоците. За постоечките клиенти – корисници на финансиска поддршка, кои немаат извршено ажурирање на податоците согласно со законските прописи, исплатата ќе биде извршена во рок од три дена по извршено ажурирање на податоците. За корисници на финансиската поддршка кои е потребно да отворат трансакциска сметка во банката од ставот (1) на овој член, исплатата ќе биде извршена во рок од три дена по отворање на трансакциската сметка во банката.

(14) Физичкото лице, кое ги исполнува условите, а не добило финансиска поддршка може да поднесе приговор, во рок од три дена од денот на објавување на листата од ставот (6) на овој член, на веб-страницата www.kupuvamdomasno.gov.mk, со наведување на ЕМБГ, име и презиме, адреса на живеење, општина, е-маил и категоријата на лица-корисници на финансиска поддршка за која ги исполнува условите.

(15) Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија приговорите, по истекот на рокот за нивно поднесување, ќе ги достави до институцијата од членот 3 ставовите (1), (2), (3), (4), (5), (6), (7), (8) и (9) од овој закон согласно со категоријата која ја навел физичкото лице во приговорот. Надлежната институција е должна да го извести Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија во рок од три дена од денот на приемот на приговорите.
(16) Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија ќе ги извести подносителите на одобрените приговори во рок од десет дена од денот на поднесување на приговорот.
(17)Доставување на приговор по пошта не е дозволено.

**Член 5**

(1) Финансиската поддршка од членот 1 став (2) од овој закон е еднократен износ кој се исплатува на трансакциската сметка на лице корисник на финансиска поддршка преку банка од член 4 став (1) на овој закон, и тоа:

- Граѓаните со низок доход-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;
- Пензионерите-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;
- Корисници на право на социјална сигурност на стари лица ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;
- Младите лица-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;
- Самохраните родители-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;
- Деца без родители и родителска грижа-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;

- Уметници-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице;
- Филмските работници-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице и
- Естрадните уметници-корисници на финансиска поддршка ќе добијат еднократна финансиска поддршка во износ од 6.000 денари по лице.

(2) Примената финансиска поддршка од ставот (1) на овој член корисниците на финансиска поддршка ја користат исклучиво за купување на македонски производи и услуги во периодот од денот на приемот на средствата на трансакциска сметка до 25.12.2020 година, како и до 31.05.2021 година.

(3) Збирниот износ на нераспределените парични средства од добиената финансиска поддршка, банката е должна да го врати на буџетската сметка во рок од три дена по истекот на рокот од ставот (2) на овој член, без наплата на трошоци за извршената трансакција.

(4) Доколку лицето-корисник на финансиската поддршка има блокирана трансакциска сметка, банката од членот 4 став (1) од овој закон, на негово барање ќе му отвори посебна наменска сметка на трошок на банката на која ќе ја прими финансиската поддршка и која ќе биде изземена од извршување по било која основа.

(5) Собраните и обработени лични податоци се чуваат во рокови утврдени со релевантна законска регулатива.

**Член 6**

Примената финансиска поддршка, согласно со одредбите од овој закон, не се оданочува со данок на личен доход согласно со Законот за данокот на личен доход.

**Член 7**

Лицата кои примиле финансиска поддршка согласно со Уредбата со законска сила за финансиска поддршка на граѓани и вработени лица со низок доход, млади лица и здравствени работници преку издавање на дебитна платежна картичка за купување на македонски производи и услуги за време на вонредна состојба („Службен весник на Република Северна Македонија“ број 137/20, 147/20, 151/20, 156/20, 157/20 и 169/20), не можат да користат финансиска поддршка согласно со овој закон.

**Член 8**

Инспекциски надзор над спроведувањето на одредбите од овој закон врши Државниот пазарен инспекторат и Управата за јавни приходи согласно со нивните надлежности утврдени со закон.

**Член 9**

Подзаконските акти утврдени во овој закон ќе се донесат во рок од пет дена од денот на влегувањето во сила на овој закон.

**Член 10**

Овој закон влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.